**2749.**

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24, бр.37/25, 86/25, 101/25, 135/25 и 132/26) и во согласност со член 15 став 1 алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр.02-4368/2од 2.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на 10-та по ред седница за 2026 година, одржана на ден 16.7.2026 година, го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ДОБИЕНИ ОД ПРОДАЖБА, ЗАКУП И ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН И КОНФИСКУВАН ИМОТ

Член 1

Со овој Правилник се изменува и дополнува Правилникот за начинот на користење на средствата добиени од продажба и закуп на одземен и конфискуваниот имот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.50/25) и Правилникот за изменување на Правилникот за начинот на користење на средствата добиени од продажба, закуп и отстапување на одземен и конфискуван имот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/25) и тоа насловот:„Правилник за начинот на користење на средствата добиени од продажба, закуп и отстапување на одземен и конфискуван имот“, се менува во:„ Правилник за начинот на користење на средствата добиени од продажба, закуп и отстапување на одземен и конфискуван имот, како и привремено одземени и одземени предмети“.

Член 2

Во членот 4-а по зборот:„предмети“, зборовите:„ овластен проценител или од Бирото за процена“, се бришат, а се додаваат зборовите:„ од страна на Бирото за процена, овластени проценители или проценители вработени во Агенцијата и други проценители од други државни органи, без надоместок“. По зборот надоместок се става точка, а по зборот:„„процена“, зборовите:„ која Агенцијата ја обезбедува во рок од 10 дена од добената согласност од судот, органот, односно сопственикот на имотот или предметите која ја даваат во рок 15 дена од приемот на барањето во Агенцијата“, се бришат, а се додаваат зборовите:„ Агенцијата е должна да обезбеди процена на вредноста на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети, како и на конфискуваниот имот и одземените предмети само во случај на нивно отстапување, продажба или давање под закуп“.

Член 2

По членот 4-а, се додава нов член 4-б со нов поднаслов кој гласи:

„Уплата на средства од отстапување на одземен имот, или одземени предмети“.

Член 4-б

„Државните органи, јавни установи и претпријатија основани од државата и општините, здруженија и фондации кои поднеле барање за отстапување на одземени моторни возила или конфискуван имот, се должни да извршат уплата на 7% од проценетата вредност на одземените предмети – моторни возила или конфискуваниот имот на сметка на Агенцијата, во рок од седум дена по добиената согласност од страна на Владата на Република Северна Македонија на одлуката донесена од Управниот одбор“.

Член 3

Во членот 5 по зборовите:„7 % од вредноста на продадениот одземен и конфискубан имот“, буквата:„и“, се брише, зборот:„средства“, се заменува со зборот:„средствата“ и по зборовите:„7 % од вредноста на отстапениот имот“, по запирката се додаваат зборовите:„како и 7 % од вредноста на отстапените привремено одземени и одземени предмети-моторни возила“.

Член 4

Во членот 6 по бројо:„6“, се додаваат зборoовите:„став 1“, буквата:„и“, се брише, зборот:„средства“, се заменува со зборот:„средствата“ и по зборовите:„7 % од вредноста на отстапениот имот“, по запирката се додаваат зборовите:„како и 7 % од вредноста на отстапените привремено одземени и одземени предмети-моторни возила“.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегување во сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агецијата.

Бр. 01-3461/1
16 јули 2026 година
Скопје

Агенција за управување
со одземен имот,
Претседател на Управен одбор
**Станко Китаноски** с.р.

---